# МУЗИКА

**СОКОМ**

СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Издавањето на списанието го помогна
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МУЗИКА
## списание за музичка култура

**Издавач:** Сојуз на композиторите на Македонија • **Издавачки совет:** Проф. д-р Димитрије Големовиќ (Србија), Проф. д-р Магда Сухиашвили (Грузија), Доц. м-р Сони Петровски • **Редакција:** Марко Коловски (Одговорен уредник), д-р Младен Марковиќ, д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, д-р Викторија Коларовска - Гмирја • **За издавачот:** Сони Петровски • **Техничка обработка:** Методија Ачевски • **Секретаријат:** Лазар Мојсовски • **Адреса:** Ул. Максим Горки бр. 18, 1000 Скопје • **Печати:** „РИ - ГРАФИКА" - Скопје

# СОДРЖИНА

**СТУДИИ** 7 - 120

д-р Јане Коџабашија
МИКРО-ИНТЕРВАЛСКАТА ПОДЕЛБА НА ОКТАВАТА ВО ХРИСАНТОВИОТ МУЗИЧКИ СИСТЕМ
(По повод 200-годишнината од хрисантовата реформа на источното црковно пеење) ........ 7

Марко Коловски
ТРНЛИВИОТ ПАТ ДО УСПЕХОТ ОД „ГОЦЕ" ДО „ЦАР САМУИЛ" - ОПЕРИТЕ НА КИРИЛ МАКЕДОНСКИ (1925-1984) ........ 19

д-р Стефанија Лешкова Зеленковска
ВЛИЈАНИЕТО НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА И ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПОЗИТОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 38

д-р Младен Марковиќ
ЗА ТОНСКИТЕ СИСТЕМИ НА ПОСТАРИТЕ СЛОЕВИ НА МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО ПЕЕЊЕ ........ 58

д-р Тереза Крцоска
ВЛИЈАНИЕТО НА НОВИТЕ АУДИО ТЕХНОЛОГИИ ВРЗ СЛУХОТ И МУЗИЧКИТЕ СЛУШНИ НАВИКИ НА ТИНЕЈЏЕРИТЕ ........ 72

м-р Дојрана Прокопиева
КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МУЗИКАТА ВО ПЕТ ПРЕТСТАВИ ОД ПРОДУКЦИЈАТА НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ ........ 84

# ВЛИЈАНИЕТО НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА И ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПОЗИТОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Стефанија Лешкова Зеленковска

> *За историјата е релативна паузата од 20 години меѓу две големи форми меѓутоа можам да кажам дека општествените и политичките констелации во изминативе повеќе од 20 години, откако ја напишав операта „Болен Дојчин" беа такви што не создаваа услови јас како автор да се зафатам за некој посериозен проект и покрај тоа што имав амбиции да создадам некое дело од оперскиот жанр...*
>
> *Аврамовски Р.*
> *(Наумова 2005:18)*

**Вовед**

Кога станува збор за спроведување на општествено прифатливи цели во рамките на културата, како најбитниот општествен феномен, се среќаваме со терминот *културна политика.* Повеќето активности што во минатото ја сочинувале културната политика се водени под името *уметничка политика.* Денес културната политика вклучува многу поширок спектар на активности за разлика од уметничката, која главно била лимитирана кон естетската грижа за уметничкото творештвото (Mulchay, 1991). Оваа нејзина трансформација се опсервира првенствено како демонстрација и грижа за културниот идентитет, валоризација и анализа на историските и општествените културни динамики (Mulchay, 2006). Практично, темелникот на современиот третман на културната политика е признавањето на „правото на култура" според Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации од 1948 г." дека *секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата".* Имајќи предвид дека сево ова подразбира и култивирање на вкусот, задачата е сложена бидејќи треба да се најде баланс меѓу различните вкусови, општествените интереси, влијанието на светските трендови и над се квалитетот.

Од осамостојувањето на Р. Македонија до ден денешен влијанието на културната политика и продукцијата на современото музичко творештво е една тема која постојано го разгорува прашањето за степенот на нивната зависност и меѓусебна поврзаност. Генерално ставовите околу овие прашања ја поларизираат музичка и културна јавност, првенствено поради дилемата дали постои јасна стратегија, и колку притоа се води грижа за местото и улогата на македонското современо музичко творештво.

Истовремено овие размисли задираат длабоко и во комплексната природа на појавата на нови дела на која најчесто се приоѓа од следниве перспективи: психолошка, социолошка, естетичка и музиколошка (во потесна смисла). Економските фактори кои во појавата на нови дела беа разгледувани како дел од социолошкиот пристап на проблемот се покажаа како клучни за продукцијата на овој вид творештво, конкретно за квантитетот на новосоздадени уметнички музички дела, изборот на музичката форма, вид, инструментариум, итн. гледано низ призмата на неговата економска оправданост и одржливост (Лешкова, 2002). Тоа се должи на *новиот концепт* во културата во кој за сите музички услуги, идеи, почнаа подеднакво да важат законите на понудата и побарувачката, поради што композиторите на уметничката музика, не само кај нас туку и во економски развиените земји, се соочија со нивната немоќ да заработуваат од своите композиции. Од друга страна, *вреднувањето* на музичкото дело на *пазарот*, не значи дека ќе ги задоволи сите естетски стандарди за квалитетот на делото. Со овој концепт се маргинализира творечкиот чин кој треба културно да ја унапреди публиката и со креативната иницијатива на авторот, преку делото, да ги развива автентичните културни потреби и доживувања, со што го подигнува културното ниво.

Повеќегодишната неповолна економска состојба и рестриктивната политика во сферата на културата резултираше и во намалувањето на финансиските средства за култура во вкупниот Буџет (2000 2,5%, во 2010 1,98%); аналогно и во намалувањето на програмските средства на Министерството за култура во 2000 год. 1,17%, во 2005 год. 0,92%, во 2010 год. 0,43% т.е благо опаѓање и во финансирањето на музичко-сценската дејност 11,75% - 9,94% (Таневска, 2011: 19). Оваа промена се рефлектира и врз стимулацијата и можностите за изведба на современото македонско музичко творештво. Затоа дефинирањето на културната политика како најбитната *грижа на државата за културниот идентитет,* го гледаме како еден најзначаен фактор кој треба да придонесе во стабилизирањето на овие состојби и да создава услови за континуирано развивање и креирање на современото македонско музичко творештво.

Со оглед на комплексноста на овој феномен кој опфаќа голем број чинители од разнородна природа, ние во овој текст ќе го проследиме влијанието на културната политика преку стимулацијата, продукцијата на нови дела на македонски композитори со акцент на големите музички

дела (опера, ораториум, симфонија, балет) за голем изведувачки апарат и можноста за нивната изведба. За таа цел спроведовме квантитативно истражување кое опфати регистрирање на творештвото на македонските композитори создадено во периодот од 1991 до 2011 година. За творештвото создадено од 1991 до 2001 година ни послужи постојната базата на податоци изработена за магистерскиот труд „Економските фактори во продукцијата на македонското музичко творештво 1991-2001" (Лешкова, 2002), која е надополнета со податоци за новите дела создадени од 2002 до 2011 година. Всушност со компаративна анализа на двете декади од наведениот временски период, како и изработката на самите фреквентни дистрибуции, во однос на: квантитетот на творечкиот опус, формата и изведувачката структура на делата и стимулацијата за создавање нови дела т.е. нарачките, ќе се добие слика за влијанието на културната политика и одразот врз интересите и видовите на композиции на македонските современи композитори. Поаѓајќи од фактот дека музичкото дело постои само низ релацијата авторска замисла - партитура - изведувачка замисла - изведба - доживување на публиката, во овој труд ќе бидат опфатени и можностите за изведба големите музички дела како и репертоарската политика на националните музички институции.

Со својата содржина, обработена и презентирана материја трудот не претендира на сеопфатност на темата, туку настојува да предизвика научен интерес за состојбите на современото македонско музичко творештво.

## 1. Културна политика

„Културата сфатена како размена на материјалните и нематеријалните културни добра е нераздвоив дел од општеството во целина. Односот на државата спрема сопствената култура се манифестира низ разни инструменти и на повеќе нивоа. Димензионирањето и пропорционалноста на овие инструменти зависи од развојот на свеста за значењето на културата во одредена средина, потоа од степенот на развојот на самата култура, од материјалните можности, расположливите потенцијали и целите што сакаат да се постигнат. Токму затоа современите културолози се повеќе ја дефинираат културната политика како на најперсоналната грижа за една нација и едно од најобврзувачките меѓународни прашања" (Mulcahy 1991, Mundy 2004).

Согласно со базичните принципи на агендата за европската култура главната цел на културната политика се темели врз заштита на културно наследство, поддржување на уметничките и креативните активности, промоција на репродукцијата и дисеминација на културните вредности, производи и артефакти (согласно универзалната декларација за човекови права на ОН 1948 и Агендата за Европска култура, октомври 2000).

### 1.1. *Културната политика во Р. Македонија*

Културната политика во Р. Македонија по својата глобална рамка, општо, се вбројува во моделот на земјите во транзиција. Тоа подразбира зависност од старите модели на културната политика и организацијата на институциите и искажаните барања на демократски ориентирани интелектуалци, главно кон прашањата на националната култура (Стојковиќ, 2003: 41). Прашањата за: изборот на програмските содржини, процесот на работа, за пазарот и др. остануваат маргинални иако културните институции досега требаше да се упатат на пазарот, кој фактички се уште не постои. Сепак, еден од аргументите за непазарното однесување на музичко-сценската уметност останува малата територија и бројност на населението. Тоа секако се специфичните карактеристики на *пазарот* како ограничувачка претпоставка за развојот и за создавањето на културните услуги и производи. Овој недостаток е резултат на нерасчистени термини во смисла на прифаќање на поимот култура само како уметност, дефинирање што е јавен интерес во уметноста, кои се потребите на државава и населението за уметноста и како тие на најрационален начин да бидат задоволени.

Културата во РМ е регулирана со: Уставот на Републиката и со Законот за културата (Сл. в. бр. 31/98, 49/03, 59/03, 82/05, 24/07,116/10, 47/11, 23/13), посебните закони и подзаконски акти за областа култура, другите системски закони што се применуваат и во културата; актите на локалната самоуправа и меѓународните договори кои што се ратификувани од Р. Македонија или се преземени по основна сукцесија. Министерството за култура е надлежен државен орган за областа култура и ги врши работите што се однесуваат на: следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата. Легислативата за културата ја дефинира мисијата и намерата на културната политика на различни нивоа.

Врз основа на Законот за култура се донесени и подзаконски акти: „Правилник за елементите што треба да бидат содржани во програмите и проектите од национален интерес во културата", (Сл. в. бр. 79/2000) и „Правилник за критериумите за финансирање на програмите и проектите по одделни дејности во културата" (Сл. в. бр. 61/04) и „Правилник за критериумите за финансирање на програмите односно проектите од национален интерес во културата" (Сл. в. бр. 70/11). Всушност кога говориме за легислативата, ние се повикуваме на два главни закона: Законот за културата и Законот за авторското право и сродните права, кои ја детерминираат и влијаат врз културната политика.

Во Р. Македонија повеќе од 50 години авторското право е заштитено со закони кои се усвоени од меѓународни конвенции, а до денес се регулирани со Законот за авторското право и сродните права (Сл. в. бр. 47/96, 3/98, 98/02, 04/05 и 23/05) донесен во 1996-та год. со кои се гарантираат материјалните и моралните права на авторите (Пепељугоски, 1998:3). Во Р. Македонија овие права на композиторите и авторите на музика, текст, аранжман

ги застапува Здружението за Заштита на Авторските Музички Права (ЗАМП), согласно Законот за авторското право и сродните права. Според Правилникот за распределба на авторските надоместоци до 2009 год. се применува категоризација на музичките дела од сериозна музика и другите музички дела, а од 2009 год. музичкото дело (оригинално или обработка) се категоризира и определува согласно *ефективното траење на изведбата* (бр.1676-1-0201 од 22.05.2009, член 5/34) со што комплетно, во негативна насока е сменето вреднувањето на музичките дела од областа на сериозната, уметничката музика. Пресметката на авторскиот надомест за едно дело се определува врз основа на ефективното траење на изведбата, емитувањето или било каква употреба на музичкото дело, а секоја минута од ефективното траење на делото се множи со соодветниот коефициент (член 12/51), кој во 2011 год. е променет во однос на ефективното траење на делото (Сл. в. бр. 154/11, член 46).

Легислативата и државните регулативи не се единствените фактори што влијаат врз културната политика во Р. Македонија. Невладините институции, како и асоцијациите и здруженијата на композитори и изведувачи, усвојуваат различни документи што ги презентираат нивните долгорочни интереси во формацијата на македонската музичка култура. Меѓу другите фактори што ја формираат културната политика се и глобалните движења и интересот на консументите. Генерално, концептот на културната политика е збир на регулативи воспоставени од владините и невладините институции за да го овозможат идниот културен развој со екстремно динамичните глобални и локални промени. Во ваков систем сите корисници зависат од механизмите на МК, инструментите и усвоени приоритети и се формативни за директната манифестација на креирањето на културната политика.

Од 1998 год., Министерството објавува Годишни Конкурси, преку кои се донесува *Годишна програма* за финансирање на програми и проекти од национален интерес за културата. На овие конкурси се разгледуваат *Националните Установи (МОБ, МФ, Охридско лето)* и другите корисници на средства (Домови за култура, здруженија, физички лица и сл.) што покажува една слика на несоодветна конкуренција (Таневска, 2011: 37). По доставените проекти и програми на Конкурс, предлог за распределба на буџетот за културата даваат комисиите за соодветната дејност врз основа на нивно валоризирање. Можноста за дискреционо право на Министерот покажува дека субјективниот став е над стручните комисии со што овој пристап не може да биде корективен инструмент од евентуалното субјективно или идеолошко артикулирање на националниот интерес на културата. Кон ова да додадеме дека до 2004 г. не постои правилник за дефинирање критериуми што ја детерминираат програмата од национален интерес. Сепак, и од 2004 кога е донесена Националната програма, до денес нема сигнификантни разлики во поддржаните проекти ниту по усвојувањето на овој документ што ги прави овие инструменти на културната политика

нестимулативни и ограничувачки (Таневска, 2011: 29). Вака формираната мрежа на корисници е поделена според носителите на национални, локални установи и други корисници како здруженија, сојузи, индивидуалци. Генерално станува збор за опслужување на гломазна мрежа на установи и пораст на правни и физички лица, што подразбира културна политика на широка поддршка, по принципот на сите по малку.

МК, го стимулира и го поддржува творештвото на македонските композитори, финансирајќи ги нарачките на новите дела преку Сојузот на композиторите на Македонија. СОКОМ е најзначајното здружение кое ги застапува интересите на композитори, од аспект на изведби, нарачки, печатење партитури, и меѓународна презентација, кое со промената на општественото уредување го трансформираше својот статут (до 31.12.2000 Сојузот беше буџетски корисници, односно беше третиран како национална установа, располагајќи со сопствена служба, а од 2001 година, во согласност со владината политика на скратувањето на бројот на вработените во јавната администрација, започнаа да работат во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, односно им се финансираат само проекти). Всушност средствата што ги добива СОКОМ за нарачките на нови дела од МК главно се поврзани со манифестацијата *Денови на македонска музика,* и поради потребата од нови дела за овој фестивал, нарачките се насочени повеќе кон солистичко - камерно творештво.

Од 2012 година стимулирањето на творештвото на македонските композитори, се иницира и како еден од приоритетите во апликацијата на МК за поддржување на проекти од национален интерес т.е. како предност во поддржување на концертите кои на програмата имаат домашно творештво.

Потребите за регистрирање на слабостите на постојниот систем во културата, за давањето развојни насоки кои треба да го унапредат остварувањето на културата се донесени со *Националната програма 2004-2008,* и со усвојувањето на *Националната стратегија за развој на културата за периодот 2013-2017* во која планирањето на развојот на културата е заснован на соодветна методологија, мултидисциплинарни истражувања, факти и интерпретации. Стимулирањето на домашното уметничко творештво е еден од врвните приоритети на МК (Сл. в. бр. 15:51). „Овој сегмент стратегиски се подржува и се развива во сите дејности од областа на културата. Организираното поддржување на македонското, вклучително и музичкото, од страна на националните установи и на други релевантни субјекти ќе придонесува за збогатување на фондот на национални дела, а од друга страна пошироката публика ќе има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус. Притоа ќе се афирмираат уште понагласено улогата и статусот на творецот и на уметникот во македонското општество“ (Сл.в.бр. 15:51).

Во последниот стратегиски документ во посебните цели за музичко-сценската дејност се наведува: афирмирање на потребата од основање

концертна агенција како установа која ќе ги застапува македонските музички уметници и ќе посредува во организирање концерти низ Р. Македонија и во странство, потоа поврзување на музичките институции (фестивали) од земјава со музичките институции во странство, воспоставување на реципроцитет во гостувањата, презентирање на нашите автори и изведувачи на фестивалите и манифестациите кои се членки на европската и на Светската федерација на фестивал, отворање на музички нотен центар, итн. (Сл. в. бр. 15:53). Во акциониот план за реализација на националната стратегија како цел кој континуирано ќе се реализира во 2013-2017 е дигитализацијата на музичкото творештво и поддршката и стимулирањето на домашното музичко творештво за создавање на музички дела од разни формати.

### *1.2. Национални Музички Установи и македонско современо творештво*

Со оглед на дискурсот на нашиот труд, *продукцијата и можноста за изведба на крупните форми,* ние најнапред ќе го разгледаме институционалното остварување на културната политика преку програмите на НУ Македонската Филхармонија, МНТ Опера и Балет т.е. Македонската Опера и Балет (Сл. В. бр. 84/03) и фестивалот „Охридско Лето", задолжени за овој вид творештво. Како илустрација ќе го земеме периодот од 2000 год. до 2010 год. Имено во тој период МК во музичко сценската дејност поддржало 2202 музичко - сценски проекти, најмногу од обласга на сериозната музика (75%) од кои најголемиот број (47%) се дел од редовната програма на буџетските институции (Таневска, 2011). Со 68% МК ја поддржало редовната програма на НУ што во основа е законска обврска, но со тоа останатите форми на музичкиот живот се сведуваат на мала застапеност. Овие податоци покажуваат дека *сликата на музичко - сценската дејност во културната политика ја диктираат токму НУ со најголем буџет и најголем број реализирани активност* (Таневска, 2011: 48).

Што се однесува до изведбата на дела на македонските современи композитори во прилог ги издвојуваме податоците земени од програмите на НУ. Во периодот од 2000 до 2012 на сцената на МОБ во Скопје изведени се само две опери од македонски композитори: *Цар Самоил* од К. Македонски, во 2001 и 2008 год., и *Лидија од Македонија* од Р. Аврамовски во 2005 и 2012 год. и три балети *Силјан повторно лета* од Љ. Бранѓолица (2002); *Пар а Бол Паралели* од С. Петровски (2003); *Ташула* од С. Стојков (2004).

Кај Македонската Филхармонија, со повеќе од 30 концерти годишно (Годишен извештај на МК 2004, 2005), бројот на изведени дела од македонското современо творештво се движи од пет до десет вклучително со Концертот на фестивалот *Денови на Македонската музика* (на пр. во 2004/2005 изведени се десет дела, во 2009/10 девет дела; во 2010/2011 десет дела; во 2011/12 седум и во 2012/2013 девет дела). Што се однесува на